СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 21 број 1	Чешиново-Облешево 17.01.2025 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-140/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2024 година кој е прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во “Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-127/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.-31.12.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.-

31.12.2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-141/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.-31.12.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.- 31.12.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-128/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за 2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-142/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 166-3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година је донесе следната:

ОДЛУКА
За давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите

на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за 2025 година

Член 1

Се дава согласност за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година да изнесува 81,6 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново – Облешево“, а ќе се применува започнувајќи со исплата на платата за месец јануари 2025 година.

Бр.08-129/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-143/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2025 година

Член 1

Се дава согласност за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите во ЈПКД „Облешево“, за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година да изнесува 36,00 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“, а ќе се применува започнувајќи со исплата на платата за месец јануари 2025 година.

Бр.08-130/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-144/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 21, став 1, точка 16 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2025 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2025 година, изготвена од страна директорот на ЈПКД „Облешево“ Дејан Анакиев.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-131/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, состојба на ден 31.12.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, состојба на ден 31.12.2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-145/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Чешиново-Облешево за 2024 година, состојба на ден 31.12.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот од извршениот годишен попис на основните средства и ситниот инвентар, сопственост на општина Чешиново-Облешево, како и состојбата со финансиските средства, обврските и побарувањата на општината со состојба на ден 31.12.2024 година.

Член 2

Поради нефункционалност и дотраеност да се отпише следниот инвентар:

- Греалка
- HP монитор
- Куќиште winstor и
- Бојлер

Член 3

Нефункционалниот и дотраениот инвентар од член 2 на оваа Одлука, (електронска опрема), да се однесе на отпад за електонски материјал.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево".

Бр.08-132/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за собирање и транспортирање на комунален отпад

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за собирање и транспортирање на комунален отпад, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-146/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 11, став 1, точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, бр.9/97, бр.6/02, бр.19/02, "бр.40/03, бр.49/06, бр.22/07, бр.83/09, бр.97/10, бр.6/12, бр.119/13, бр.41/14, бр.138/14, бр.25/15, бр.61/15, бр.39/16, бр.64/18 и бр.35/19, и Службен весник на РСМ" бр.275/19 и бр.89/22), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево" бр.6/15 и 7/19), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за собирање и транспортирање на комунален отпад

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за собирање и транспортирање на комунален отпад бр.02-247/1 од 26.12.2024 година, донесена од Управниот Одбор на ЈПКД „Облешево".

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истат ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-133/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за измена на Програмата за јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево, за 2025 година

1.Ја прогласувам Програмата за измена на Програмата за јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево, за 2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-147/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 13 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за Јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево за 2025 година бр. 08-1729/1 од 22.11.2024 година („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.16/2024) .се вршат следните измени:

- Во Глава II Активности, Точка 1 Вршење на работи и одговорен субјект, во Член 4 се вршат следните измени:

- Во став 1 зборовите „Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево““ се заменуваат со зборовите „економски оператор“

- Во став 3 по зборовите „(за дел од мрежата согласно Договорот) и“, зборот „ ЈПКД „Облешево“ се заменуваат со зборовите „економски оператор“

- Во став 3 по зборовите „Договорот со Македонски Телеком АД“ зборовите „ а во согласност со ценовник кој ќе биде утврден со посебен Договор склучен помеѓу општина Чешиново-Облешево и ЈПКД „Облешево“ се заменуваат со зборовите „ а во согласност со Договорот склучен со економски оператор, по цена постигната на јавното наддавање“

Член 2

- Во Глава II Активности, Точка 1 Вршење на работи и одговорен субјект, во Член 5 се вршат следните измени:

-Во став 2 зборовите „ЈПКД „Облешево““ се заменуваат со зборовите „економски оператор“

Член 3

Во глава III ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ, во член 8 кај потточка ПРИХОДИ се додава нов став 2 кој

гласи: -„Сопствени извори на приходи“..... 100.000.00 денари“

Во истиот член кај потточка РАСХОДИ во став 3 бројот „450.000,00“ се заменуваат со зборовите 550.000,00 денари“

Член 4

- Во глава V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, член 10, став 1 зборовите „ЈПКД „Облешево““ се заменуваат со зборовите „економски оператор“.

Член 5

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување и е составен дел на Програмата за јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево за 2025 година бр. 08-1729/1 од 22.11.2024 година („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.16/2024) . Прогамата да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-134/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Ленче Филипова од с.Чифлик

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Ленче Филипова од с.Чифлик, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-148/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година бр.08-1726/1 од 22.11.2024 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.16/2024), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за еднократна финансиска помош на Ленче Филипова од с.Чифлик

Член 1

На Ленче Филипова од с.Чифлик, со постојано место на живеење во с.Чифлик ул. Васил Главинов бр.1 и се одобрува еднократна парична помош во висина од 6.000.00 денари (шест илјади денари) како помош за лекување

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на барателот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-135/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Катерина Иванова од с.Чешиново

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Катерина Иванова од с.Чешиново, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-150/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година бр.08-1726/1 од 22.11.2024 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.16/2024), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за еднократна финансиска помош на Катерина Иванова од с.Чешиново

Член 1

На Катерина Иванова од с.Чешиново, со постојано место на живеење во с.Чешиново ул. Маршал Тито бб и се одобрува еднократна парична помош во висина од 6.000.00 денари (шест илјади денари) како помош за лице од социјален ризик

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на барателот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-136/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Драган Лазов од с.Чешиново

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Драган Лазов од с.Чешиново, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-151/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2025 година бр.08-1726/1 од 22.11.2024 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.16/2024), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за еднократна финансиска помош
на Драган Лазов од с.Чешиново

Член 1

На Драган Лазов од с.Чешиново, со постојано место на живеење во с.Чешиново ул. Маршал Тито бб му се одобрува еднократна парична помош во висина од 6.000.00 денари (шест илјади денари) како помош за лице од социјален ризик

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на барателот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-137/1 Совет на
17.01.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110 Тековни резерви (разновидни расходи)

1.Ја прогласувам Одлуката за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110 Тековни резерви (разновидни расходи), што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-152/1 Општина Чешиново-Облешево
17.01.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110 Тековни резерви (разновидни расходи)

Член 1

Од Програма А0, конто 413110 Тековни резерви (разновидни расходи) да се исплатат фактури по основ на потрошени средства за санација на состојба со водоводот во с.Кучичино и тоа:

-за набавка на гориво за аггатот за трафоостаницата во с.Кучичино и

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

-за набавка на вода за пиење месното население во с.Кучичино.

Член 2

Средствата да се исплатат по доставена фактура од фирмите добавувачи.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-138/1
17.01.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање на ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на 4 (четири) сезонски работници

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање на ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на 4 (четири) сезонски работници што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 14.01.2025 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-153/1
17.01.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 14.01.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Барање на ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на 4 (четири) сезонски работници

Член 1

Се усвојува Барањето на ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на 4 (четири) сезонски работници, за потребите на ЈПКД „Облешево“ и тоа за месец за 2 месеци од кои првиот месец за 2 (два) работника и за вториот месец за 4 (четири) работника

Работнот ангажирање да биде преку општина Чешиново-Облешево а за потребите на Јавното Претпријатие за имплементација на Програмата за јавни работи.

Член 2

Месечниот надоместок да изнесува 22.500,00 денари (дваесет и две илјади и петстотини денари) , плус пресметан персонален данок и осигурување во случај на повреда при работа.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ке се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-139/1
17.01.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2024 година..... 1

2.ОДЛУКА За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2024 година..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.-31.12.2024 година..... 1

4.ОДЛУКА За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.-31.12.2024 година..... 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за 2025 година..... 2

6.ОДЛУКА За давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за 2025 година..... 2

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2025 година..... 3

8.ОДЛУКА за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2025 година..... 3

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2025 година..... 4

10.ОДЛУКА За усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2025 година..... 4

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, состојба на ден 31.12.2024 година..... 4

12.ОДЛУКА За усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, состојба на ден 31.12.2024 година..... 4

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за собирање и транспортирање на комунален отпад.....5

14.ОДЛУКА за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за собирање и транспортирање на комунален отпад.....5

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за измена на Програмата за јавно осветлување на општина Чешиново-Облешево, за 2025 година..... 6

16.ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО, ЗА 2025 ГОДИНА..... 6

17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Ленче Филипова од с.Чифлик.....7

18.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Ленче Филипова од с.Чифлик.....7

19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Катерина Иванова од с.Чешиново..... 8

20.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Катерина Иванова од с.Чешиново..... 8

21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Драган Лазов од с.Чешиново..... 8

22.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Драган Лазов од с.Чешиново..... 9

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Програма А0, конто 413110 Тековни резерви (разновидни расходи)..... 9
24.ОДЛУКА за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110 Тековни резерви (разновидни расходи)..... 9
25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање на ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на 4 (четири) сезонски работници.....10
26.ОДЛУКА За усвојување на Барање на ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на 4 (четири) сезонски работници..... 10
27.СОДРЖИНА..... 11

ПРИЛОГ: 1. Извештај за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, за период 01.01.-31.12.2024 година

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО